**УЖ-2.бр.236/2021**

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД преку судијата Дијана Димитрова, со записничар Ивица Наумоски судски соработник, постапувајќи по службена должност за исправка на решението на Вишиот управен суд УЖ-2.бр.236/2021 од 08.07.2021 година, за јавни набавки, на ден 31.08.2021 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
-за поправање на решение-

Се врши поправање на решението на Вишиот управен суд УЖ-2.бр.236/2021 од 08.07.2021 година и тоа:

На првата страна во уводот на решението во ред 6 се бришат зборовите „и Решението на Управниот суд У-5.бр.281/2021 од 31.03.2021 година“ во став 2 од изреката на решението се бришат зборовите „Решението на Управниот суд У-5. Бр.281/2021 од 31.03.2021 година“, на страна 3 став 4 од образложението на решението се бришат зборовите „и решението“ и на страна 5 став 3 од образложението на решението се бришат зборовите „и решението за времена мерка “.

Ова решение е составен дел на решението УЖ-2.бр.236/2021 од 08.07.2021 година.

О б р а з л о ж е н и е

Вишиот управен суд постапувајќи по службена должност најде дека е направена очигледна грешка во пишувањето на решението на овој суд УЖ-2.бр.236/2021 од 08.07.2021 година, поради што е потребно да се изврши поправање на решението.

Имено, на првата страна во уводот на решението во ред 6, во став 2 од изреката на решението и на страна 3 став 4 и страна 5 став 3 од образложението на решението е направена техничка грешка така што во уводот наместо зборовите „Пресудата и Решението на Управниот суд У-5. Бр. 281/2021 и У-5 бр. 283/2021 од 31.03.2021 година “, треба да стои „ Пресудата на Управниот суд У-5.бр.283/2021 од 31.03.2021 година“, а зборовите „Решението на Управниот суд У-5. бр.281/2021 од 31.03.2021 година“ се бришат, во став 2 од изреката наместо „Пресудата и Решението на Управниот суд У-5. бр.281/2021 и У-5 бр.283/2021 од 31.03.2021 година “, треба да стои „ Пресудата на Управниот суд У-5.бр.283/2021 од 31.03.2021 година“, а зборовите „Решението на Управниот суд У-5. бр.281/2021 од 31.03.2021 година“ се бришат, на страна 3 став 4 од образложението наместо зборовите „Вишиот управен суд најде дека пресудата и решението на Управниот суд се неправилни и незаконити“, треба да стои „Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е неправилна и незаконита“, а зборовите „и решението“ се бришат и на страна 5 став 3 од

образложението на решението наместо зборовите „Оттука Вишиот управен суд ги оцени како основани жалбените наводи на тужителот за сторени суштествени повреди на постапката при донесувањето на пресудата и решението за времена мерка“, треба да стои „Оттука Вишиот управен суд ги оцени како основани жалбените наводи на тужителот за сторени суштествени повреди на постапката при донесувањето на пресудата “, а зборовите „ и решението за времена мерка “ се бришат.

Согласно членот 331 став 1 и 2 од Законот за парнична постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/2005 и измените на овој закон) е предвидено: „Грешките во имињата и броевите, како и други очигледни грешки во пишувањето и сметањето, недостатоците во формата и несогласноста на преписот на пресудата со оригиналот, ќе ги поправи претседателот на советот, односно судијата поединец во секое време. Поправањето ќе се изврши со посебно решение и ќе се внесе на крајот на оригиналот, а до странките ќе се достави препис од решението“.

Согласно цитираната законска одредба судот утврди дека при изготувањето на решението е направена очигледна техничка грешка поради што судот одлучи како во изреката на решението.

Ова решение е составен дел на решението на Вишиот управен суд УЖ-2.бр.236/2021 од 08.07.2021 година.

Решено во Виш управен суд на ден 31.08.2021 година под УЖ-2.бр.236/2021.

Записничар - судски соработник
Ивица Наумоски с.р.

Судија
Дијана Димитрова с.р.

/АМ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВИШ УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ
SHKUP GJYKATA E LARTË ADMINISTRATIVE REPUBLIKA E MAQEDONISË

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник